***З А П И С Н И К***
***од 25-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 20.07.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 10 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска.

На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Марина Поповска, Јасмина Василеска Перчаковска. На седницата присутни беа директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски, директорката на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Валентина Димовска, вд директорката на ООУ„ Браќа Миладиновци“ с.Жван Андријана Наумовска, директорката на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Мирјана Кондинска и директорката на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Андријана Цветкоска.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 24-ра седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот беше усвоен со 10 „за“

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2023 до 30.06.2023 година.

2.Донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занаетчиски работи за реконструкција на препумпна станица во с.Слепче.

3.Разгледување на состојбата со депонијата кај месноста Крагуево.

4.Усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.

5.Давање согласност за користење на две простории од ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за изведување на настава во прво одделение за учебната 2023/2024 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар.

6. Двање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.

7. Двање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.

8. Двање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.

9. Донесување на Одлука за давање согласност на Првилникот за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на децата во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар.

10.Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа, при тоа предложи точките 2. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување

во Општина Демир Хисар за 2023 година, 3. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување во Општина Демир Хисар за 2024 година, 4. Давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП "Дехи транс" Демир Хисар за 2024 година, 5. Давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП "Комуналец" Демир Хисар за 2023 година и 7. Донесување на Решение за разрешување и именување на членови во УО на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар се повлекуваат. Претставникот од општината Јасмина Василеска Перчаковска предложи точката за годишниот план за 2024 година за општина Демир Хисар е празен план треба да се донеси. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни во месец август ќе има седница ќе се стави на дневен ред. Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски истакна точките не треба да се повлекуваат, бидејќи се однесуваат за вработување во општинската администрација и се важни за нормално функционирање на општината, за пополнување на работни места кои се испразнети по основ на пензионирање, архивар, архитект одделението за урбанизам не можи да функционира има предмети кои стојат. Се согласувам да се повлечи точката за менување членови во Управен одбор да се утврди кој можи да членува согласно новиот закон, но планот за вработување ни е потребен. Точките да не се повлекуваат нека останат на Дневен ред секој советник нека гласа по свое убедување така ќе се знае кој е за планот кој е против. Сите политички игри ги разбирам, но ова е за нормално функционирање на општината, треба да распишеме оглас ни треба и архивар и архитект. Исто во ЈКП „Комуналец" се работи за вработување на општи работници, нема кој да е угасни запалената депонија која се пали по трет пат, се работи за општи работници кои треба да собираат смет. Советничката Сандра Пејковска дополни советниците не можат на седница да одлучуваат дали некој ги исполнува условите за да биде член во управен одбор. Потоа побара пауза. После паузата Претседателот на Советот Љупчо Најдовски го стави на гласање предлогот за усвојување на Дневниот ред од кој се повлекуваат точките кои предходно ги наведе 2,3,4,5 и 7. За вака предложениот Дневен ред гласаа 6 „за" и 5 „воздржани".

***ТОЧКА 1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2023 до 30.06.2023 година***

Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2023 до 30.06.2023 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За кварталниот извештај објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување во делот на програмат А0 (15340 денари) средства потрошени за советување по барање на дом на култура „Илинден" и во програм А0 (4 960 денари) средства потрошени за жалба на лица каснати од куче бездомник. Претставникот Марина Поповска објасни од Домот на културата имаше барање за покривање на трошоци за семинар на вработени. Градоначалникот Никола Најдовски дополнително објасни станува збор за советување на двајца вработени за спроведување на јавни набавки, за вториот дел од прашањето имаше постапка за каснато лице од куче бездомник општината го доби случајот, бидејќи се случил настанот надвор од доменот на шинтерската служба. Повеќе прашања немаше. За усвојување на кварталниот извештај гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 2. Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занаетчиски работи за реконструкција на препумпна станица во с.Слепче***

За Одлуката за доделување на договор за изведување на градежно-занаетчиски работи за реконструкција на препумпна станица во с.Слепче објаснување имаше директорот на ЈКП „Комуналец" Гоце Мицковски. Во својата дискусија директорот Мицковски објасни дел од селото се снабдува со вода по природен пат, а ова се средства потребни за набавка на деловите, а градежните работи ќе бидат на терет на ЈКП „Комуналец" сега нема проблем со водоснабдувањето, но со ова состојбата ќе биди уште подобра. Советничката Марина Димитријовска праша дали оваа сума ќе биде дел од позајмицата 800.000 за која беше донесена одлуката предходно. Директорот Гоце Мицковски објасни од тие 800.000 се одбиваат работи како што се косење или други активности овие средства се наменети за набавка на делови. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 3. Разгледување на состојбата со депонијата кај месноста Крагуево***

Во своето излагање Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни оваа точка е на негова иницијатива, бидејќи се палеше депонијата, со цел да се разговара да се најди некое решение. Во врска со депонијата директорот Гоце Мицковски објасни оваа депонија е привремена и е сопственост на општина Демир Хисар и ЈКП „Комуналец“ се користи од 2007 година. Оваа година е затрупувана два пати што небило пракса 15 години. Исто така се направи помошен пат, да се бара друга локација е сложена постапка, се размислува за регионална депонија и се работи на тоа, но за тоа треба време. Стоиме на располагање да почни нешто да се прави да немаме проблеми. Ако се постави видео надзор ќе се спречи намерно палење, но проблем е и тоа што нема доволно земја да се затрупува, ќе побараме дозвола да се помести малку надолу и останува да се чека регионалната депонија. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде има правила како се постапува и одржува депонија, проблем е што не се одржувала како што треба, вината е наследена и е на повеќе лица, но треба да се бара решение. Точката беше ставена на дневен ред да се отвори тоа прашање да се бара решение, депонијата не засега сите во границите на можностите да изнајдиме решение да не ги трпиме последиците. Директорот Мицковски објасни селекција на отпад, дислокација повлекуваат огромни средства разговорите за регионална депонија се почнати се оди кон рециклирање на отпадот. Советникот Валентин Несторовски додаде определување на друга депонија е посложнено. Од друга страна се вели дека депонијата се пали намерно додаде советничката Марина Димитријовска, од информациите од миснитарството за животна средина се интензивираат разговорите за регионална депонија да се надеваме дека ќе се одвива побрзо тој проект. Советникот Сашо Михајловски рече незнам дали намерно се пали, да се постави видео надзор, но најдобро е редовно да се затрупува. Советничката Јасмина Јовановска забележа со разградувањето сето оди во подземните води. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски исткана ако има можност за нова депонија е добро ако не да се одржува оваа согласно прописите или да се набави голема машина со средства од општината и да се затрупува редовно, кога се одлучуваше за оваа депонија беа понудени две локации, но и оддалечоноста повлекува повеќе трошоци затоа се избра оваа локација, не е штетен комуналниот отпад пластиката и најлонот се проблем. Добро да се набавки поголема машина да се олесни затрупувањењто на депонијата и да се даваат сите земјени работи на комуналното претпријатие. Директорот Мицковски исто така како проблем го истакна и постоењето на повеќе од 10 диви депонии кои постојано се чистат и во таа насока треба да се преземат мерки да се казнуваат несовесните граѓани, потоа потребни се тројца работници кои ќе работат кај депонијата тука советот треба да даде подршка. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи од дискусијата за состојбата и проблемите со депонијата од почестото палење кое предизвикува загадување на водухот да се извлече заклучок со кој се утврдува во моментот единствено привремено решение за состојбата е се почесто затрупување со земја на отпадот кој се носи кај времената депонија. Заклучокот беше донесен со 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Годишен извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

Годишниот извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година беше на дневен ред комисијата за опшествени дејности, бидејќи немаше присутен претставник, комисијата одлучи да се разгледува на совет објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот воведно излагање имаше директорката Валентина Димовска. Дискусија немаше. Извештајот беше усвоен со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Согласност за користење на две простории од ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за изведување на настава во прво одделение за учебната 2023/2024 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар***

За барањето за користење на две простории од ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за изведување на настава во прво одделение за учебната 2023/2024 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар објаснување имаше директорката Валентина Димовска. Имено предходната година се покажа како успешно немаше забелешки оваа година повторно има потреба училиштето да ги користи овие простории. Дискусија немаше. За согласноста гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Согласноста за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше на дневен ред на комисијата за општествени дејности, бидејќи немаше присутен претставник не се расправаше на седницата на комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. За давање согласност гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше на дневен ред на комисијата за општествени дејности, бидејќи немаше присутен претставник не се расправаше на седницата на комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. За давање согласност гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 8. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше на дневен ред на комисијата за општествени дејности, бидејќи немаше присутен претставник не се расправаше на седницата на комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. За давање согласност гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 9. Одлука за давање согласност на Првилникот за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на децата во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за давање согласност на Првилникот за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на децата во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна ценатa од 1450 денари месечно не ги покрива трошоците за три оброци за дете дневно. Во ова нетреба да има политиканство да најдиме решение да се зголеми овај износ на 2.000, но да не е на товар на родителите затоа предложи до нова година општината да покрива по 500 денари за дете, после тоа ќе се разгледа повторно дали ќе оди на терет на општината или на родителите. Претставникот од општината Александра Трајковска објасни за предлогот треба да се добие информација од Одделението за финансии дали опшптината ќе биде во можност да ги покрие овие трошоци. Директорката Андријана Цветковска објасни до општината има поднесено барање за покривање на долгот за нафта, општината да можи да помогни во тој дел. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна без одлука на Совет неможи да се доделат средства за долгот за нафта, потоа додаде ако тоа го покрива општината тогаш овие 500 денари ќе одат на терет на родителите. Советникот Сашо Михајловски предложи да се помогни за плаќање за нафтата. Советникот Валентин Несторовски додаде ако се зголеми износот за престој можи да се случи да се намали бројот на децата, а советничката Јасмина Јовановска праша дали е разговарано со родителите за ова. Директорката Андријана Цветковска објасни запознати се родителите и свесни се дека износот кој се плаќа неможи да ги покрие трошоците за престој, се обративме до Министерството за труд и социјална политика не ни излегоа во пресрет. Барем за нафтата да ни помогнеше министертвото. Ова барање за зголемување на цената се планира да се применува од први Септември. Сите сме свесни знаеме што значи 60 денари на ден што можи со нив да се направи, не се доволни ни за еден оброк. Претставникот од општината Александра Трајковска предложи точката да се остави за наредна седница. Зголемување на надоместокот за престој е непопуларна мерка, а нема многу да помогни додаде Марина Димитријовска се согласи да се одложи за наредна седница. Советникот Аце Јанкуловски истакна можи да се гласа за точката сите сме доволно свесни знаеме што значат тие

средства за престој на дете и што можи со нив да се покрие. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 3 „за“ 7 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 10. Предлози и прашања***

-Барање од Добре Тодоровски

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски го презентираше барањето од Добре Тодоровски, но барателот немаше наведено за кое населено место се однесува барањето

-Брање од Димче Туфевски од Смилево

Барателот Димче Туфевски е социјален случај и бараше огревно дрво 7 м3. Бидејќи истиот имаше добиено средства од општината како еднократна парична помош во парични средства, нема можност да му се доделува и помош во натура бидејќи го искористил правото.

-Барање од Стево Степановски од с.Бабино

Барњето се однесува за поставување на 3-4 контењери, но за тоа потребно е одлука на Совет за собирање на смет.

-Барање од МЗ Боишта

Барањето е за санирање на општинскиот пат за с.Боишта. Советниците донесоа заклучок да се интервенира со механизација да се постапи по барањето.

-Барање од МЗ Зашле

Барање за тампонирање на патот низ селото, санирање на потпорен ѕид, чистење на патот. Претставникот од општината Александра Трајковска објасни се планира да се работи.

-Барање од МЗ Базерник

Барањето е за помош со градежни материјали за санација на црква Св.Атанасиј

Советот едногласно го одобри барањето, да се набави потребниот материјал.

-Барање од МЗ Сладуево

Барање за тампон и градежна машина за работа.

Советниците едногласно одлучија да се постапи по барањето.

-Советничката Марина Димитријовска додаде има две барања од Сопотница и Слепче

Сопотница бараат поставување на клупа наспроти црквата, а од Слепче за мостот кон Белче се поплавувал да се исчисти коритото.

Повеќе немаше барања советниците побараа извештај за сите проекти.

Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр.17-804/2<br>25.08.2023 година<br>Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар<br>Претседател,<br>Љупчо Најдовски с.р.